# ВАЊА ЧУЧКОВ



## КОНТАКТ

Telephone:
+ 389 72 223 405

Email:
cuckovv01@gmail.com

## ВЕШТИНИ

- Microsoft office (PowerPoint, Excel, Word)
- Англиски јазик ( Ниво C1/C2)
- Германски јазик (Ниво B2)
- Лидерски вештини
- Јавно говорење
- Решавање конфликти
- Компјутерски вештини
- Менаџирање на време

## ОБРАЗОВАНИЕ

**2016 - 2020**
СЕПУГС „Васил Антевски - Дрен“ – Скопје
Смер: Правен

**2021 –**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј “– Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
Студиска програма: Англиски јазик и književност

## ИСКУСТВО

**Јули 2022 - Јули 2022**
Преведувач за NGO Dominium Cultural Hub, превод на труд на етнолог и уметница Марија Милошевска „Игра помеѓу оган и вода“

**Јули 2021 - Јули 2021**
Преведувач и на рецензија и на монографијата на уметницата Тања Балаќ

## ОБУКИ И КУРСЕВИ

**2017-2019**
Волонтер во невладина организација Еквалис

**2017-2018**
Учесник на проектот Building Bridges for Balkans на RYCO

**2020**
Завршена обука на тема: „Јавно говорење“, организирана од Факултетско студентско собрание ФЕИТ и БЕСТ- Скопје

**2020-2021**
MindLeaps волонтер на проект за општествен бизнис

**2021-2022**
Учесник на два проекта на eTwinning за меѓународна и интеркултурна соработка

**2022-2023**
Волонтер за „Ден на кариерен развој“ на МААА (Macedonian American Alumni Association)

# Програма на Вања Чучков за избор за претседател на ФСС при Филолошкиот факултет - Скопје

Како претседател на нашето студентско собрание најмногу би се залагал за подобрување на студентскиот стандард и сплотување на студентите и професорите со цел подобар однос и соработка. Сакам да се ангажирам да се слушне колку што е можно повеќе гласот на студентот, а притоа да се запазат нашите права и обврски кон Факултетот. Сè повеќе гледам и слушам студенти како се жалат и се разочарани од многу работи во врска со Факултетот и сакам и ќе се потрудам максимално да ги посочам овие работи и да најдам решение за нив, со помош и поддршка од надлежните органи во склоп на Факултетот, со цел да имаат студентите поголем ентузијазам, желба и мотивација да доаѓаат на Факултет и да студираат.

## I. Поттикнување на студентите

Имам воочено дека студентите немаат верба и доверба во себеси, своите способности и во тоа дека всушност можат да никнат промена. Многу од студентите се обесхрабрени и/или исплашени да си ги искажат своите мислења и идеји, коишто можеби би се коселе со веќепостоечките на Факултетот. Како президент, би гледал ова да се смени и ќе ги охрабрувам студентите бестрашно да се изјаснат. Исто така, ќе се трудам да ги поттикнам студентите да земаат поголемо учество во настаните огранизирани од Факултетот, а не само да бидат пасивни набљудувачи.

## II. Востановување на клубови, особено дебатен клуб

Факултет за филологија треба да има дебатен клуб каде што студентите на Филолошкиот факултет ќе имаат безбеден простор за изјаснување на своите ставови во врска со што било, но со акцент на релевантни, битни и актуелни теми од ширум светот. Ова ќе придонесе до зголемување на самоувереноста,

самодовербата и самопочитта кај самите студенти. На овој начин, дополнително, ќе се зголеми и елоквентноста кај идните филолози и спремноста да дебатираат и дискутираат на која било тема. Студентите треба да бидат информирани за важни теми и да имаат знаење. Вака и самата установа ќе има прилика, особено професорите или кој и да се избере за модератор на клубот, да ги запознае студентите подобро и обратно, а воедно и да се сослушаат, сфатат меѓусебно подобро и да го развијат својот интелект. Ќе се ангажирам и да ги слушнам студентите што друго и кои други видови клубови и активности би сакале да се воведат со цел да се направи студентското искуство попожелно, соодветно, забавно и едукативно.

## III. Подобри санитарни услови

Нешто најосновно како хигиена е од круцијално значење за благосостојбата на оваа установа, а последователно и за студентите. Почнувајќи од тоалетите, па сѐ до интериерот на самиот Факултет, промени се од голема нужност. Тоалетите треба да изгледаат барем достојно и пристојно за еден човек. Треба да има хартија секогаш, да бидат поредовно чистени тоалетите, да има цело време сапун за раце, како и бришачи за раце секаде. Не смее и не може само еден тоалет, односно тој на Филолошки, да биде опремен. Треба сите, на секој кат, за секој пол. Ова не е ни прашање, ова е општа култура и основно човеково право. Така што, ќе дадам сѐ од себе да бидат тоалетите секогаш и најдобро опремени и чисти.

## IV. Цените на бифето

Цените на кантината се безразборно високи за студенти што не заработуваат. Едно печиво е околу 60 денари, а квалитетот не е исто толку. Самиот факт што професори се имаат жалено од цените кажува многу. Водата е поевтина од кафемат отколку во бифето. Токму бидејќи бифето е факултетско и е за студенти што се невработени треба да биде поевтино. Има студенти што

подолго се на факултет и не издржуваат со 140 денари од оброк. А сигурно нема да се воздржуваме од јадење и пиење и не смее. Оброкот од 140 сам по себе е секако недоволен, особено за луѓе што природно имаат потреба од повеќе храна дневно и за студенти што се повеќе часови на предавања или слично. Иако не верувам дека не може, но ако веќе дојде до тоа, барем квалитетот на храната да се подобри за тие суми, кога веќе субвенционираниот студентски оброк нема да се зголеми.

## V. Инклузивност

Под ова мислам на, прво, избирање на членови за собрание од наизменични катедри, а не само од една или две. Мора да има диверзитет за да се чувствуваат останатите Катедри и студенти видено, слушнато и вреднувано. Не може да има и да се залагаме за еднаквост и демократија ако, како минатата година, се одберат членови само од најбројната Катедра. Треба да има барем по еден застапник од сите Катедри коишто ќе бидат медијатори меѓу својата Катедра и собранието. На тој начин, сите ќе бидеме во тек со настаните и состојбата на сите други Катедри, а ќе има и поефективна и поефикасна комуникација. Второ, ќе се трудам да бидат организирани повеќе разнолики настани каде што ќе бидат вклучени и опфатени сите студенти за да се запознаат подобро и излезат од својата комфор зона и стекнат повеќе самодоверба во себе. Како идни лингвисти треба да бидеме и поинформирани за сите други јазици, шириме познанства, особено во склоп на нашиот Факултет, и да се запознаеме со останатите наши колеги, а воедни и со најразличните култури, интересни факти и суштината на изучуваниот јазик на секоја Катедра.

## VI. Поголема и подобра организација

Оваа година бевме сведоци на неажурност на службите во врска со настани. Не бевме ни информирани за самите избори за член и претседател на студентското собрание сè додека јас не посочив. Ќе се ангажирам за зголемена

навременост и ажурност на службите за сите настани и рокови за што било. Исто така, треба да биде Факултетот свесен дека студентите, особено за време на испитна или колоквиумска сесија, или, пак, бруцошите, не ја проверуваат веб-страницата на Факултетот редовно зашто имаат многу други работи за коишто се грижат. Треба доследно да бидат испраќани благовремено и навремено известувања за сè преку електронски пошти. Како амандман на ова би додал дека многу ќе се трудам да се среди состојбата на iKnow системот, т.е. до кога што е рокот за пријавување, дотогаш да биде и пријавувањето онлајн, зашто, сепак, ситемот е неверодостоен бидејќи паѓа, а вината и одговорноста неисправно ја сносат студентите со тоа што се приморани да плаќаат казни за грешка на самиот систем и службите. Кога ќе ја платат казната дури тогаш рокот не важи бидејќи има пари. Дополнително, сам увидов застареност/неточност на некои податоци во документите прикачени на веб-страницата на Факултетот. Ќе гледам секогаш да бидат поправени и сменети согласност тековните настани и измени. Ќе се ангажирам и за поефикасно работење на бифето, а не да се чека со саати ред за едно печиво.

## VII. Уредување на библиотеките

Како претседател ќе дадам, пред сè, сè од себе за да се возобноват библиотеките во и функционални и достојни простории коишто ќе му доликуваат на називот на нашиот Факултет. Самиот Факултет има одговорност да се снабди со книги коишто студентите ќе можат да ги позајмат, како и белетристика, така и стручна литература. Не смее филолошки факултет да си дозволи да нема достојни и функционални библиотеки. Исто така ќе се изборам да се смени англиската библиотека да изгледа на библиотека. Не смее тоа да биде просторија за предавања. Се знае што се подразбира под зборот библиотека. Најстрашното е тоа што самите книги се во сосем друга просторија во библиотеката и се во ужасна состојба и целосно занемарени. Ако сакаме да ги натераме студентите да читаат повеќе, треба да имаме асална библиотека којашто ќе биде снабдена и опремена со наизменични книги во голем број

примероци, што не е тешко за државен орган да оствари. Треба да се знае дали некој влага во предавална или во библиотека. Некои студенти немаат пари да се зачленат во бибилиотеки и да плаќаат секојпат поединечно за секоја книга; затоа е работа на Филолошкиот факултет да се погрижи за тоа. Макар и сите да можеа да си дозволат тоа, не може секој можен филолошки факултет во светот да има повеќе од пристојна и опремена библиотека, којашто не служи како место за предавање и канцеларии за професори, а ние не. Како и за тоалетите, ова е предуслов за еден филолошки факултет.

## VIII.Избор на активности и настани

Од голема важност ми е студентите да се чувствуваат ценето и вклучено, па затоа ќе протежирам поголем и повеќе избор на настани и активности. Би одржувал квартално состаноци со студентите или, пак, со претставниците од по секоја Катедра (членови на собрание од по секоја Катедра), каде што ќе разменуваме идеи за воведување активности и настани што би биле од важности и интерес за подобрување на квалитетот и стандардот на студентите и Факултетот. Исто така, би дискутирале зошто некои идеи се или неизводливи или ирелевантни. Отпосле, би направил список којшто ќе го презентирам на Деканот и би дискутирале како да се реализираат истите. Би инкорпорирал и онлајн анкети каде што ќе бидат студентите прашани за истото со повеќе одговори. Одговорите би биле нови активности и настани како идеи за коишто студентите би биле заинтересирани, и на тој начин ќе може да се види дали и за што се заинтересирани студентите. Пример, јавни читања, наградни натпревари, хуманитани акции (Во форма на забави и активности со симболични и поволни суми. Собраните пари би се донирале на некоја тековна хуманитарна акција.), еколошки акции, ликовни работилници итн. Дури би се ангажирал и за (платена) пракса некаде бидејќи голем број на факултети имаата ние не. Научно е докажано дека на секој студент му треба пракса за да го примени стекнатото знаење и да види дали воопшто сака нешто конкретно да работи. Треба студентите да си ги валидираат тие знаења, со што ќе дознаат,

прво, дали се на правилна насока, и второ, само да си стекнат искуство и работна навика и да знаат што да очекуваат по завршување на факултет и ќе бидат поспремни.

## IX. Помош за студентите

Го оставив можеби најважното за крај. Како претседател, најмногу ќе се борам за студентите кога се прекршени нивните права. Секој ден сум сведок на тоа и на чувството на страв и загрозеност што моите колеги го имаат во присуство на авторитет. Ќе гледам секогаш да бидам тука за нив, и јас ќе се борам за нив. Лично ќе разговарам со професори и Деканот и сите други служби во вакви случаи, особено во име на исплашените студенти. Ќе се осигурам дека нема никогаш да има дискриминација врз основа на пол, раса, вероисповед, сексуална определба, интелигенција итн. Нема да дозволам студент да биде или да се чувствува потценето, навредено, повредено и/или занемарено од некојси авторитет, особено не професор. Фер е исто така, студентите што нема да ги исполнат своите должности свесно и свесно ќе загрозуваат или вознемируваат предавање, да бидат казнети. Како што имаме права, така имаме и обврски и нема да дозволам студент да се расправа со професор без причина и да прави што сака, вклучувајќи, покрај расправање безпричински, навредување и повредување на друг студент или професор, вознемирување на предавање, уништување на инфрастуктура, интериер, екстериер и сопственост на Факултетот, углед, хигиена итн. Мора да има соработка и разбирање, како и почит. Не мора да се сакаме, но мора да се почитуваме и да се трудиме да се разбереме ако сакаме да имаме колегијален и добар однос меѓусебно.